


## ДЕЛАТА НА АНА ИВАНОВСКА ЗА ПРВ ПАТ ВО МКЦ

Во галеријата на Младинскиот културен центар, денеска, на 22 Ноември (четврток), во 20 часот, ќе биде отворена првата самостојна изложба на младата сликарка од Скопје, Ана Ивановска.

Минатата година Ивановска дипломираше на Факултетот за ликовни уметности, во класата на проф. Благоја Маневски и по учеството на повеќе групни изложби ова и е првата самостојна изложба.

Преку инсталацијата, наречена "Тунел", таа го менува и освојува галерискиот простор, кој што станува лавиринт од впечатоци создадени со специфичен ликовен јазик. Нејзината идеја за сликата како чиста ликовна реалност, изразена со линија и боја, во делото претставено на оваа изложба е материјализирана во објекти изработени од колорирани природни материјали, конопи и јажиња. Тие се вкомпонирани во монументална инсталација во чија структура е вткаена симболиката на основните животни принципи изразени низ контрасти форма-боја, полно-празно, дводимензионалноста-простор, машко-женско, емоционално-рационално....

Изложбата на Ана Ивановска ќе биде отворена до 27 Ноември оваа година.

Назад

Криран од olivera на 22.11.2007






